Врз основа на член 24 став 1 алинеја 5 , член 29 став 3 и член 31 став 3 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2014,188/2014,44/2015 и 193/2015), а во врска со член 2 од Правилникот за утврдување на годишниот надоместок за користење на радиофреквенциите ("Службен весник на Република Македонија" број 161/2014), в.д. Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 09.12.2015 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

I

Се утврдува вредноста на бодот за пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенциите за 2016 година, во износ од 0,8 евра во денарска противредност пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на фактурирањето.

II

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува сметано од 01.01.2016 година.

III

Оваа одлука е конечна .

## Образложение

Согласно член 29 став 3 и член 31 став 3 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2014,188/2014, 44/2015 и 193/2015), а во врска со член 2 од Правилникот за утврдување на годишниот надоместок за користење на радиофреквенциите ("Службен весник на Република Македонија" број 161/2014), вредноста на бодот за пресметка на надоместокот за користење на радиофреквенции се утврдува со одлука донесена од директорот на Агенцијата за електронски комуникации врз основа на годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за 2016 година, во рок од десет дена од денот на усвојување на годишната програма за работа и е изразена во евра во денарска противредност пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на фактурирањето.

Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година во чиј состав е и финансискиот план на Агенцијата за 2016 година е усвоена од страна на Комисијата на Агенцијата по предлог на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 01.12.2015 година, како што е предвидено во член 11 од Закоот за електронските комуникации (Службен весник на РМ број 39/2014,188/2014,44/2015 и 193/2015).

Финансискиот план за 2016 година содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за 2016 година.

Според усвоената годишната програма односно финансискиот план за 2016 година вкупните планирани приходи по основ користење на радиофреквенции изнесува 420.000.000 денари.

Вредноста на бодот е формиран врз основа на активните одобренија за користење на радиофреквенции кои се планирани да се фактурираат во 2016 година, со што се планира да се реализираат планираните приходи по основ годишен надоместок за користење на радиофреквенции.

Врз основа на горенаведеното, согласно на член 24 став 1 алинеја 5 , член 29 став 3 и член 31 став 3 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2014,188/2014,44/2015 и 193/2015), а во врска со член 2 од Правилникот за утврдување на годишниот надоместок за користење на радиофреквенциите ("Службен весник на Република Македонија" број 161/2014), на предлог на Секторот за финансии и сметководство бр.0505-23/251 од 09.12.2015 година, в.д. Директорот на Агенцијата за електронски комуникации ја донесе оваа одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Наш бр. 0306-10/49

Скопје 09.12.2015

Изготвил: Раководител на Одделение
За решавање на спорови и прекршочни постапки
Вергим Шерифи

Одобрил: Раководител на Сектор за правни работи
Дафина Пауновска

Советник за работи од областа на правото
Бојана Стефановска

в.д. ДИРЕКТОР

Владимир Ристевски